# ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРИТЕ ЗА ЗАЕМИ ПО ПРОЕКТОТ ХЕЦ КОЗЈАК СО КИНЕСКАТА БАНКА И ФИРМАТА ХАИНАН С.И.Т. ЕНТЕРПРАИС КОРП.

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 27/98 од 17.06.1998 год.**

**Член 1**

Република Македонија, како гарант, презема обврска да ги намири обврските по Договорите за заеми по Проектот ХЕЦ Козјак што ќе се склучат меѓу ЈП "Електростопанство на Македонија", Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп. во вкупен износ од 86,2 милиони американски долари, во рокови и услови предвидени во Договорите за заеми, доколку ЈП "Електростопанство на Македонија" не ги отплати заемите.

**Член 2**

Заемот од Кинеската банка во износ од 81 милион американски долари ќе се отплатува во рок од 12 години со грејс период од четири години, а во првите две години од грејс периодот каматата ќе се капитализира, со фиксна каматна стапка од 7,49% на годишно ниво за 50% од заемот и каматна стапка од шестмесечен ЛИБОР + 1,5% за 50% од заемот.

Заемот од фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп. во износ од 5,2 милиони американски долари ќе се отплатува во рок од 12 години со четири години грејс период и фиксна каматна стапка од 7,8% на годишно ниво.

**Член 3**

Заемите од членот 1 на овој закон ќе ги отплатува ЈП "Електростопанство на Македонија" од своите приходи.

**Член 4**

Средствата од заемите од Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп. ќе се користат за финансирање на Проектот ХЕЦ Козјак, односно за изградба на хидроелектрична централа по принцип клуч на рака и за изведување на градежни работи по Проектот.

**Член 5**

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот за заем, под име на ЈП "Електростопанство на Македонија" како заемопримач, ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на носителот на платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија денарски средства во

висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на заемот.

**Член 6**

Министерството за финансии ќе пресметува и наплатува 1% провизија на износот на заемот за кој се дава гаранција, во согласност со амортизациониот план од Договорот за заеми.

Провизијата од ставот 1 на овој член се пресметува од денот на издавањето на гаранцијата за заем и е приход на Буџетот на Република Македонија.

Провизијата ќе се пресметува се до известувањето од Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп. за престанување на потребата од условеноста на заемите со гаранција од државата.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".